# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр.47/96 од 12.09.1996 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 7,9 милиони САД долари за реализација на Проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

**Член 3**

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години вклучувајќи грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат на секој 15 април и 15 октомври секоја година почнувајќи од 15 октомври 2006 година и заклучно со 15 април 2031 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегување во сила на Договорот за кредит од денот на повлекување на средствата.

На повлечениот износ од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 2 и 3 на овој член се плаќа полугодишно на 15 април и 15 октомври секоја година.

**Член 4**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".